**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

# ИНФОРМАТОР ЗА СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ И ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

**Скопје, 2011 година**

## Издавач:
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ

## Декан
Проф. д-р. Драги Димитриевски

## Одговорен уредник
Доц. д-р Вјекослав Танасковиќ

## Техничко уредување
Ива Максимовска, Компјутерски центар на ФЗНХ

## Јазична редакција
Бисерка Токовска-Стевчевска

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА (Скопје)**

**Информатор за студиски и предметни програми и правила за студирање**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - Скопје; Издавач - ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - Скопје; Декан-проф. д-р Драги Димитриевски; Одговорен уредник-доц. д-р Вјекослав Танасковиќ, ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА, 2011 година.

**Факултет за земјоделски науки и храна**

- адреса: бул. „Александар Македонски“ бб, ПФ. 297, 1000 Скопје
- тел: ++389 2 3115277
- факс: ++389 2 3134310
- е-пошта: contact@fznh.ukim.edu.mk
- веб-страна: http://www.fznh.ukim.edu.mk

# С О Д Р Ж И Н А


**ПОРАКА ОД ДЕКАНОТ ... 5**
**1. ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ ... 7**
Историја и општи информации за факултетот ... 7
**2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ ... 10**
Наставно-научен совет ... 10
Декан на факултетот ... 10
Продекани на Факултетот ... 10
Секретар ... 10
Деканатска управа ... 11
ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ... 11
Институти ... 11
Катедри ... 11
Лаборатории ... 12
Библиотека ... 12
ЦИПОЗ ... 13
**3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ... 14**
ЕВРОПСКИ КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ (ЕКТС) ... 14
НАСТАВЕН КАДАР ... 16
ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТДУИИ ... 17
Услови и начин за упис на студенти на прв циклус универзитетски студии ... 17
Статус на студент на прв циклус студии ... 17
Мирување на статусот студент ... 18
Права и обврски на студентите ... 18
Почеток и завршување на студиска година ... 19
Организација и обем на студиите ... 19
Оптоварување на студентите во тек на една академска година ... 20
Напредување на студентите ... 20
Преминување од една на друга студиска програма и мобилност ... 21
Проверка на знаењата и оценување ... 21
Завршен испит ... 22
Поднесување приговор од проверка на знаењето ... 22
Преполагање на испитот ... 23
Комисиски испит ... 23
Пренесување на надлежноста за спроведување испит ... 23
Завршување на студиите ... 23
Дипломски труд ... 24
Одбрана на дипломски труд ... 24
Дипломирање на студентот ... 24
Награди ... 24
Дисциплинска одговорност на студентите ... 25
Видови дисциплински постапки ... 25
Видови дисциплински мерки ... 25
Поведување и тек на дисциплинска постапка ... 25
**4. КООРДИНАЦИЈА И АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА ... 27**
Координатори на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје ... 28

**5. СТУДЕНТИ ........................................................................................ 29**
Студентски правобранител ........................................................................................29
Комисија за студентски жалби ........................................................................................29
Учество на студентите во управувањето ........................................................................................29
Студентски парламент ........................................................................................29
**6. ОПШТИ ПРАКТИЧНИ ИНФОРМАЦИИ ........................................................................................ 31**
**7. СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ ВО СКОПЈЕ ........................................................................................ 32**
СТУДИСКА ПРОГРАМА - ПОЛЕДЕЛСТВО ........................................................................................35
СТУДИСКА ПРОГРАМА – ГРАДИНАРСТВО И ЦВЕЌАРСТВО........................................................................................39
СТУДИСКА ПРОГРАМА – АНИМАЛНА БИОТЕХНОЛОГИЈА........................................................................................43
СТУДИСКА ПРОГРАМА - ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ........................................................................................47
МОДУЛ АНИМАЛНИ ПРЕРАБОТКИ ........................................................................................48
МОДУЛ РАСТИТЕЛНИ ПРЕРАБОТКИ........................................................................................50
СТУДИСКА ПРОГРАМА – ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА - ФИТОМЕДИЦИНА ........................................................................................53
СТУДИСКА ПРОГРАМА- ЕКОЗЕМЈОДЕЛСТВО........................................................................................57
СТУДИСКА ПРОГРАМА – АГРОЕКОНОМИКА........................................................................................61
СТУДИСКА ПРОГРАМА – ОВОШТАРСТВО СО ЛОЗАРСТВО........................................................................................65
СТУДИСКА ПРОГРАМА - ЛОЗАРСТВО И ВИНАРСТВО........................................................................................69
СТУДИСКА ПРОГРАМА - КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ........................................................................................73
СТУДИСКА ПРОГРАМА - ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕРАБОТКА НА ТУТУН........................................................................................77

Почитувани студенти,

Пред вас е Информаторот кој има за цел да ве води во текот на вашето студирање на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Нашата намера е Информаторот да ви биде главен извор на информации за студиската програма која сте ја одбрале, предметните програми, наставниот и соработничкиот кадар што е одговорен за секоја предметна програма, како и литературата која е препорачана за совладување на материјата на секој предмет. Она што очекуваме од овој Информатор е да ви олесни во режимот и правилата на студирање, што е од особено значење во студиските програми кои ги акредитиравме согласно Болоњските принципи и нивна компатибилност со студиските програми на факултетите во Европа и Светот.

Во духот на нашата целосна ориентираност спрема студентите, се надеваме дека Информаторот ќе одговори на најголемиот дел од вашите прашања, но доколку, сепак, на некои од прашањата не го најдете одговорот тука, ние-деканската управа, службите на факултетот, како и сите наставници и соработници ви стоиме на располагање во секое време да одговориме на вашите прашања и да ви олесниме во вашето студирање на Факултетот.

Ви посакуваме успех во студирањето, а деновите поминати на нашиот факултет да ви останат во пријатно и трајно сеќавање.

**Д Е К А Н,**

**Проф. д-р Драги Димитриевски**

# 1. ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

## *Историја и општи информации за факултетот*

Факултетот за земјоделски науки и храна е основан есента 1947 година, со одлука на Владата на Народна Република Македонија, како посебен отсек во рамки Земјоделско-шумарски факултет. Уште во тој период, со оваа одлука се дава јасен приоритет за правецот на развојот на нашата држава и тоа преку основање на високообразовна институција која ќе образува кадар од областа на земјоделството и храната, што од друга страна претставува еден од најбитните компоненти за развојот на стопанството во една земја, пред сѐ на секторот земјоделство и храна во Република Македонија.

Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се вбројува меѓу најстарите високообразовни институции и еден од основачите на високото образование во Република Македонија, односно еден од темелите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од основањето па до денес, Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, поминува низ повеќе развојни и организациски периоди кои се значајни за историјата и постоењето. Меѓу другите поважните години и периоди кои се битни за историјата на Факултетот за земјоелски науки и храна ќе ги споменеме:

- 1947 година, на 16 декември е основан на Земјоделко-шумарски факултет, а овој ден секоја година се прославува како патронен празник на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје;
- 1949 година, издадена првата диплома на додипломски студии;
- 1959 година, е одбранета првата докторска дисертација;
- 1971 година, е одбранета првата магистерска тема;
- 1975 година, Земјоделско-шумарскиот факултет се дели на два самостојни факултета, Земјоделски и Шумарски факултет;
- 1977-1989 година, Земјоделскиот факултет работи како работна организација заедно со институтите од областа на земјоделството;
- 1990 година, Земјоделскиот факултет функционира како самостојна работна организација со три основни дејности, односно образована, научно-истражувачка и апликативна дејност;
- 1990 година, формирање на општата насока, каде што покрај насоките поледелска, лозаро-овоштарска и сточарска, Земјоделскиот факултет започнува да функционира со вкупно четири насоки;
- 1992-1994 година, во рамки на Земјоделскиот факултет, функционира ветринарната насока, како посебна насока, од која подоцна се оформи и Ветеринарниот факултет, односно денешен Факултет за ветеринарна медицина;
- 1997 година, на Земјоделскиот факултет се отвора уште една нова насока, односно насоката за Земјоделска техника;
- 2001 година, на Земјоделскиот факултет се воведени вкупно 10 насоки, меѓу кои покрај веќе оформените и подобрени насоки (поледелска, сточарска, лозаро-овоштарска, градинарско-цвеќарска, насока за земјоделска техника), треба да се споменат и новите насоки, односно агроекономската насока, заштита на растенијата, екоземјоделство, искористување, уредување и заштита на почвите и водите и насоката за преработка на земјоделски производи;

- 2001 година, Земјоделскиот факултет го воведува ЕКТС-системот во наставниот процес;
- 2004 година, Земјоделскиот факултет го промени името во Факултет за земјоделски науки и храна;
- 2005 година, Факултетот за земјоделски науки и храна изврши дисперзии на настава на градинарско-цвеќарската насока во Струмица;
- 2009 година, Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје изврши дисперзии на настава на акредитираната студиска програма по Производство и праработка на тутун во Прилеп;
- 2010 година, Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје изврши измени и акредитација на постојните студиски програми, како и организирање и акредитација на нови студиски програми;
- 2010 година, Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје изврши акредитација на вкупно 36 модули на втор циклус студии (последипломски студии) организирани во 10 студиски програми.

За долгата и успешна традиција на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, говори и бројката од преку 7100 дипломирани земјоделски инженери, 365 магистри на земјоделски науки, преку 220 доктори на земјоделски науки, што од друга страна има огромно значење врз развојот и достигнувањата на земјоделско-прехрамбениот сектор во Република Македонија.

На самите почетоци факултетот работел со само девет наставници, скромни материјални и просторни услови. Денес, наставно-образовниот процес на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје го изведуваат 62 наставника и 18 соработници. Покрај тоа на факултетот се ангажирани и преку 15 лаборанти, стручна служба и помошен персонал за непречено изведување на наставата. Факултетот располага со зграда од околу 10 000 $m^2$, преку 30 лаборатории од кои некои се меѓу најсовремените во државата и пошироко, 6 амфитеатри за преку 800 студенти, преку 30 предавални за помали групи на студенти, современа и модернизирана библиотека со богат книжен фонд од областа на земјоделството и храната, 3 компјутерски училници, интернет пристап за вработените и студентите и други услови потребни за наставата и научно-истражувачката работа.

Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје е една од првите високообразовни институции во Република Македонија која влезе во болоњските реформи. Имено, во 2001 година, заедно со други четири факултети во рамки на УКИМ, факултетот го воведе ЕКТС системот во наставниот процес. Денес, Факултетот за земјоделски науки и храна работи по принципите на Болоња, со целосно имплементиран кредит-трансфер систем, рационални предметни програми, оптимално оптоварување на студентите, континуирано оценување, остварување на мобилност на други факултети и универзитети во државата и странство и др..

Факултетот за земјоделски науки и храна од секогаш водел грижа за кадарот што треба да произлезе од оваа институција, особено за продуцирање квалитетни студенти кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот. Во последниве неколку години, Факултетот за земјоделски науки и храна интензивно работеше на утврдување на студиските програми кои се барани на пазарот на трудот, особено специјалности кои во моментот се дефицитарни и атрактивни, со цел студентите да стекнат знаења и вештини со кои полесно ќе стигнат до вработување. За таа цел, согласно Законот за високото образование на Република Македонија и Болоњската декларација, Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, во 2010 година изврши измени и акредитација на постојните студиски програми на прв циклус студии по кои и беше препознатлив досега, како и организирање и акредитација на нови студиски програми по лозарство и винарство, квалитет и безбедност на храна и формирање на посебни

студиски програми по преработка на земјоделски производи-растителни преработки и преработка на земјоделски производи-анимални преработки. Исто така, Факултетот изврши акредитација на вкупно 36 модули на втор циклус студии (последипломски студии) организирани во 10 студиски програми, и тоа: студиска програма по фитомедицина, растителна биотехнологија, преработка на земјоделски производи од анимално потекло, анимална биотехнологија, менаџмент на животна средина во земјоделството, механизација, агроекономика, квалитет и безбедност на храна, меѓународни студии по агробизнис и универзитетски студии по агротуризам.

Следејќи ги во целост новите текови во областа на земјоделството и храната, покрај наставно-образовниот процес, Факултетот за земјоделски науки и храна континуирано ја одржува и развива научно-истражувачката работа, апликацијата и меѓународната соработка. На овој начин, наставно-соработничкиот кадар и студентите имаат можност постојано да бидат во тек со новите барања и стандарди кои произлегуваат од современото живеење, а со тоа и нивно севкупно приближување до современите текови кои влијаат врз подобрување на наставно-образовниот процес во целина.

**Седиште на Факултетот за земјоделски науки и храна**


- адреса: бул. „Александар Македонски“ бб, ПФ. 297, 1000 Скопје
- тел: ++389 2 3115277
- факс: ++389 2 3134310
- е-пошта: contact@fznh.ukim.edu.mk
- веб страна: http://www.fznh.ukim.edu.mk

# 2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

## *Наставно-научен совет*

Наставно-научниот совет (ННС) е стручен орган составен од редовните, вонредните професори, доцентите и преставници на студентскиот парламент. Наставно-научниот совет избира и разрешува декан и продекани, предлага студиски и предметни програми до Универзитетскиот сенат, донесува план за реализација на наставата, донесува одлуки за избор во наставно-научни и соработнички звања, донесува одлуки за избор за формирање постојани и повремени работни тела и комисии, донесува акти според Закон, Статутот на Унивезритетот, Правилници и други акти на Универзитетот и Факултетот.

## *Декан на факултетот*

Деканот на факултетот е раководен орган кој го застапува и го претставува Факултетот во земјава и странство, во согласност со Статутот на УКИМ и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за земјоделски науи и храна во состав на УКИМ во Скопје. Деканот ги извршува одлуките и заклучоците на Универзитетскиот сенат и ректорот на Универзитетот, одлуките на ННС на Факултетот и деканатската управа, предложува продекани, врши други работи согласно со Закон, Статут на Универзитетот и Правилници и други акти на Универзитетот и Факултетот.

- Д-р Драги Димитриевски, редовен професор

## *Продекани на Факултетот*

Продеканите вршат работни задачи што ќе им определи деканот за области од дејноста на Факултетот. Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје има три Продекани и тоа:

**- продекан за настава**

- Д-р Вјекослав Танасковиќ, доцент

**- продекан за наука**

- Д-р Татјана Прентовиќ, вонреден професор

**- продекан за меѓународна соработка**

- Д-р Елизабета Ангелова, редовен професор

## *Секретар*

Секретарот на Факултетот е одговорен за работата на стручната и административната служба на Факултетот. Врши други работи согласно со Статут на Универзитетот и Правилници и други акти на Универзитетот и Факултетот.

- Илија Милошевски, дипл. правник

## *Деканатска управа*

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот. Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите, раководителите на институти, претседателот на Студентскиот парламент и секретарот на Факултетот (без право на одлучување). Деканатската управа врши надлежности согласно Закон, Статут на Универзитетот и Правилници и други акти на Универзитетот и Факултетот

# ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

Факултетот го сочинуваат внатрешни организациски единици-институти, центри, Факултетско земјоделско стопанство, библиотека и стручна служба.

## *Институти*

Во состав на факултетот се организирани следниве институти:

| **Институт** | **Раководител на институт** |
|---|---|
| 1. Институт за растителна биотехнологија | Проф. д-р Соња Ивановска |
| 2. Институт за анимална биотехнологија | Проф. д-р Драгослав Коцевски |
| 3. Институт за животна средина | Проф. д-р Татјана Миткова |
| 4. Институт за агроекономика | Проф. д-р Ненад Георгиев |
| 5. Институт за заштита на растенијата и земјоделска техника | Проф. д-р Станислава Лазаревска |
| 6. Институт за храна | Проф. д-р Југослав Зибероски |

## *Катедри*

Во состав на Институтите на Факултетот за земјоделски науки и храна постојат следниве катедри:

1. **Институт за растителна биотехнологија**

- Катедра за специјално поледелство;
- Катедра за градинарство и цвеќарство;
- Катедра за лозарство и винарство;
- Катедра за овоштарство;
- Катедра за генетика и селекција;
- Катедра за агрометеорологија;
- Катедра за преработка на поледелски производи.

**2. Институт за анимална биотехнологија**
- Катедра за сточарство;
- Катедра за здравје и благосостојба на животните;
- Катедра за исхрана и технологија на добиточна храна;
- Катедра за технологија на анимални производи;
- Катедра за биохемија и генетско инженерство.

**3. Институт за животна средина**
- Катедра за почви;
- Катедра за води и заштита од ерозија;
- Катедра за екологија и заштита на животната средина;
- Катедра за агрохемија.

**4. Институт за агроекономика**
- Катедра за агробизнис;
- Катедра за економика на земјоделството.

**5. Институт за заштита на растенијата и земјоделска техника**
- Катедра за заштита на растенијата;
- Катедра за земјоделска техника;
- Катедра за општо поледелство.

**6. Институт за храна**
- Катедра за квалитет и безбедност на храна;
- Катедра за преработка на овошје и зеленчук.

## *Лаборатории*

На Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје функционираат преку 30 лаборатории. Голем дел од овие лаборатории се опремени со современа и модерна опрема, што ги прави препознатливи не само во рамки на нашата држава туку и пошироко во регионот. Основната дејност на лабораториите е практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката, односно апликативната дејност (лабораториска настава и експериментални лабораториски истражувања и опити).

## *Библиотека*

Уште од самиот почеток на формирањето на Факултетот за земјоделски науки и храна е формирана и факултетската библиотека, чија основна цел е да помогне во креирањето на квалитетен кадар, особено преку обезбедување на современа литература, списанија и друг книжен фонд што е во тек со светските научно-истражувачки трендови.

Библиотеката на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје располага со голем број периодични списанија со фонд над сто илјади, а книги и монографии преку 40 илјади.

Книжниот фонд редовно се обновува со значајни изданија од областа на земјоделството, храната и заштитата на животната средина по пат на размена или купување книги и списанија од земјава и странство.

За потребите на студентите, библиотеката редовно го надополнува фондот на учебници и учебни помагала. Така, дел од наставно-научниот кадар, заради подобрување на наставниот процес, перманентно објавува свои учебници и практикуми за потребите на студентите и за други корисници, кои исто така може да се најдат во книжниот фонд на факултетската библиотека.

Денес, благодарение на проектни активности на Факултетот, преку програмата на SIDA, библиотеката на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје претставува модерно и современо катче, во кое студентите од сите три циклуси на универзитетски студии имаат можност електронски да го пребаруваат книжниот фонд во библиотеката, користење на просториите на библиотеката за пребарување на странска литература поврзана со проблематиката која се изучува на Факултетот, реализирање на други наставно-образовните активности (пишување семинарски работи, дипломски, магистерски или докторски трудови итн.), читалница и др.

Контакт:
e-mail: zvelkova@zf.ukim.edu.mk
e-mail: tokovskab@zf.ukim.edu.mk

- Студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна покрај факултетската централна библиотека, можат да ги користат и услугите на библиотечните фондови на Институтите и Катедрите на Факултетот.
- Студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна можат да ги користат и услугите на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, во Скопје, (тел: 31 15 177).

## *ЦИПОЗ*

- Центар за применети истражувања и перманентно образование во земјоделството (ЦИПОЗ)

Во центарот може да се изведува и организира настава и дообука за средношколците и наставниот кадар, изведување практична и теренска настава за студентите, обука на кадар вработен во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, членови на Федерацијата на фармери, како и приватните земјоделски производители, реализација на едукативни програми од меѓународен карактер, како и иновациска дејност во земјоделското производство и промоција на современи технологии за производство и преработка на земјоделски производи.

Со неговото формирање се овозможува побрзо вклучување на европските стандарди во производството на храна и следење на современите трендови во земјоделското производство.

# 3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, во својот долг период на опстојување постојано ги следи новите процеси и трендови во земјоделството и производството на храна, а во согласност со тоа и оформувањето на академски профил за потребите на пазарот. Денес, потребите за здрава и квалитетна храна и земјоделски култури за преработка постојано се зголемуваат, а стандардите за нивно производство стануваат уште построги. Оттука, еден од главните императиви на Факултетот за земјоделски науки и храна претставува оформување академски профил, кој со голема стручност ќе биде оспособен да одговори на овие барања, односно да понуди знаења и вештини неопходни за профитабилно производство, со рационално управување на природните ресурси и заштита на животната средина. Имајќи ги предвид потребите на современиот пазар од формирање стручен кадар со европско образование, кој ќе понуди брзи решенија во земјоделското производство преработката на земјоделските производи и храната, а во согласност со имплементацијата на Болоњските принципи и Законот за високото образование, веќе од учебната 2010/2011 година, Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје, изврши измени и ги осовремени постоечките студиски програми од 2001/2002 година. Истовремено, Факултетот акредитира и други нови студиски програми на прв циклус студии, така што, денес, на Факултетот за земјоделски науки и храна се нудат следниве акредитирани студиски програми на прв циклус студии:

1. Поледелство;
2. Градинарство и цвеќарство;
3. Анимална биотехнологија;
4. Преработка на земјоделски производи;
   4.1. Модул анимални преработки;
   4.2. Модул растителни преработки;
5. Заштита на растенијата - фитомедицина;
6. Екоземјоделство;
7. Агроекономика;
8. Овоштарство со лозарство;
9. Лозарство и винарство;
10. Квалитет и безбедност на храна;
11. Производство и преработка на тутун-дисперзирани студии во Прилеп.

## *ЕВРОПСКИ КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ (ЕКТС)*

Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) е една од основните реформи која започна да се реализира на Факултетот за земјоделски науки и храна уште во 2001 година. Денес, студиските програми се структуирани согласно Болоњснкиот процес и според европските искуства, со целосно прифаќање на ЕКТС. За таа цел, Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, подготви студиски и предметни програми со разумно оптоварување за време на студиите, избор на предмети од страна на студентите, мобилност во студирањето во земјава и странство, препознавање на дипломата во земјите кои се вклучени во Болоњскиот процес и др..

ЕКТС-системот е ориентиран кон студентот, за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транаспарентноста од процесите од учењето. ЕКТС-системот овозможува олеснување на планирањето, преносот, евалуацијата и признавањето на квалификациите и деловите на учење, како и студентската мобилност. ЕКТС нашироко се користи во формалното високо образование и може да се додаде на други активности за доживотно учење.

## *ЕКТС кредити*

ЕКТС-кредитите се засноваат преку оптовареноста на студентите, која е потребна за да се постигнат очекуваните резултати од учењето. Резултатите од учењето опишуваат што се очекува од студентот да знае, да разбере и да прави по успешното завршување на студирањето.

**Оптовареноста всушност го изразува времето кое им е потребно на студентите за да ги завршат активностите околу учењето (потрошеното време на студент) потребно за да се постигнат очекуваните резултати од учењето.**

Во оптовареност на студентите се содржани следниве активности:

- бројот на часови, потребен за теоретскиот дел од предметот;
- практични вежби;
- семинари;
- демонстрации (работа во групи);
- теренска работа;
- стручни екскурзии;
- лична работа (проекти, време потрошено во библиотека);
- испитување и оценување.

Бројот на кредитите што студентот треба да ги оствари се движи од 30 кредити за еден семестар, односно 60 кредити за една академска година. Еден кредит соодествува на 25-30 часа вкупна работа на студентот во еден семестар. Вкупното работно оптоварување на студентите во текот на една учебна година може да изнесува 1500 до 1800 часа.

Кредитите се доделуваат само на оној студент кој ќе ги исполни условите за полагање, успешно ќе ја заврши предметната програма и ќе го положи предметот.

## ***Придобивки од ЕКТС?***

Овој систем е замислен пред сè да овозможи мобилност на студентите во рамките на Европската унија, обезбедувајќи мерлива споредба на постигнатите знаења и пренесување на истите од една во друга високообразовна институција.

***Придобивките за студентите се***:

- ЕКТС гарантира академско признавање на студирањето во странство;
- ЕКТС овозможува пристап до редовните студиски програми и учество во академскиот живот во гостинската институција (да го продолжат образованието во домашната институција, во гостинската или во некоја трета). Институциите одлучуваат дали тоа е прифатливо за нив или не и условите по кои студентот може да се здобие со диплома.

***Придобивки за високо-образовните институции:***

- ЕКТС создава транспарентни студиски програми и детални информации за постигнатиот степен на образование.
- ЕКТС им помага на наставниците при признавањето на стекнатото образование на студентите преку меѓуинституциски договори.
- ЕКТС помага придобивките од предмети изучени во друга институција да се вклопат во студентското образование.

## НАСТАВЕН КАДАР

Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, покрај тоа што претставува најголема високо образовна институција од областа на земјоделството и храната во Република Македонија, истовремено располага и со најголем кадровски потенцијал во високото образование во областа на земјоделското производство, преработката на земјоделски производи и храната. На Факултетот за земјоделски науки и храна во моментов има вкупно 80 вработени, директно ангажирани во наставната активност, од кои 62 доктора на науки и 18 магистри.

Наставно-научен и соработнички кадар на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје.

### Редовни професори

1. Андонов, д-р Сретен
2. Аждерски, д-р Јован
3. Ангелова, д-р Елизабета
4. Божиновиќ, д-р Звонимир
5. Василевски, д-р Гоце
6. Георгиев, д-р Ненад
7. Гичев, д-р Ацо
8. Давчев, д-р Живко
9. Димитриевски, д-р Драги
10. Димов, д-р Зоран
11. Ѓеорѓиески, д-р Среќко
12. Ѓошевски, д-р Драган
13. Зибероски, д-р Југослав
14. Ивановски, д-р Петре
15. Илиќ Попова, д-р Сребра
16. Илиевска Петановска, д-р Биљана
17. Ивановска, д-р Соња
18. Кипријановска, д-р Хрисула
19. Кипријановски, д-р Марјан
20. Лазаревска, д-р Станислава
21. Мартиновски, д-р Ѓорѓи
22. Маринковиќ, д-р Љубомир
23. Митрикески, д-р Јосиф
24. Миткова, д-р Татјана
25. Наумовски, д-р Мирче
26. Петков, д-р Михаил
27. Пешевски, д-р Миле

### Вонредни професори

1. Арсов, д-р Златко
2. Бошев, д-р Дане
3. Бошков, д-р Крум
4. Буневски, д-р Ѓоко
5. Вуковиќ, д-р Владо
6. Каракашова, д-р Љубица
7. Коцевски, д-р Драгослав
8. Наденовска, д-р Олга
9. Поповски, д-р Зоран
10. Прентовиќ, д-р Татјана
11. Русевски, д-р Раде
12. Стојанова, д-р Марина
13. Шутоска Вуќелиќ, д-р Марија

### Доценти

1. Арсов, д-р Тошо
2. Беличовска, д-р Катерина
3. Јанкулоски, д-р Љупчо
4. Димитриевска Танаскоска, д-р Благица
5. Котевска, д-р Ана
6. Милевска Мискоска, д-р Елизабета
7. Пацаноски, д-р Звонко
8. Поповски, д-р Бојан
9. Симиќ Манасиевска, д-р Силвана
10. Стојчевска Мартиновска, д-р Александра
11. Танасковиќ, д-р Вјекослав
12. Цанев, д-р Иле

28. Пејковски, д-р Златко
29. Постоловски, д-р Миле
30. Стојковски, д-р Цане
31. Србиновска, д-р Соња
32. Таневски, д-р Драги
33. Трајчев, д-р Методија
34. Хаџи Пецова, д-р Стефанка
35. Христов, д-р Петар
36. Чукалиев, д-р Ордан
37. Џабирски, д-р Владимир

## Асистенти

1. Бабамовска Миленковска, м-р Фросина
2. Богевска, м-р Звезда
3. Велкоска Маркоска, м-р Ленче
4. Давитковска, м-р Маргарита
5. Јанкуловска, м-р Мирјана
6. Јанеска Стаменковска, м-р Ивана
7. Кабранова, м-р Ромина
8. Петрова, м-р Билјана
9. Порчу, м-р Кочо
10. Маркоски, м-р Миле
11. Кузмановска, м-р Билјана
12. Симоновска, м-р Ана
13. Стојановски, м-р Владимир
14. Тројачанец, м-р Снежана
15. Узунов, м-р Александар
16. Наков, м-р Димитар
17. Славкова, м-р Маја

# *ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ*

## *Услови и начин за упис на студенти на прв циклус универзитетски студии*

На прв циклус универзитетски студии на Факултетот може да се запише кандидат, доколку ги исполнува условите и критериумите утврдени со Конкурс, објавен од страна на Универзитетот, а согласно Законот за високото образование, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на УКИМ, други акти на Универзитетот и Факултетот кои се однесуваат на условите и начинот на упис на студенти на прв циклус студии.

## *Статус на студент на прв циклус студии*

Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв циклус универзитетски студии (додипломски) на Факултетот, на претходно објавен конкурс од страна на Универзитетот. Статусот на студент се докажува со индекс или студентска легитимација.

На Факултетот студентите имаат право да студираат како редовни или вонредни.

**Редовните студенти** може да се запишат како: студенти кои ги финансира државата (студенти во државна квота) и студенти со самостојно финансирање-кофинансирање (студенти во приватна квота). Студентите кои се запишале во државна квота, можат да повторуваат иста академска година само еднаш. Доколку студентите во државна квота два пати ја повторуваат истата година, тогаш овие студенти можат да ги продолжат студиите со премин во квотата со кофинансирање. Студентите чие образование го финансира државата го задржуваат овој статус најдолго за времето два пати подолго од пропишаното време на траење на студиите. По овој рок, студентите поднесуваат молба за поднесување на трошоците за студирање со кофинасирање.

Во времето на студирање од ставот 2 на овој член не се смета времето на мирување на студентските обврски.

**Вонредните студенти** студираат како студенти со самостојно финансирање (во приватна квота).

Во текот на студирањето, редовните студенти имаат право да се префрлат како вонредни студенти во случај на вработување или болест.

Вонредните студенти имаат право да се префрлат во редовни студенти, доколку има слободни места на предвидената студиска програма во државната квота, односно со самостојно финансирање на студиите (во приватна квота) во случај државната квота да биде пополнета.

**Промената на статусот** на студентите од редовен во вонреден студент и обратно, се врши при запишувањето на секој семестар, при што студентот треба да достави молба во архивата на Факултетот, а за префрлување во вонредни студенти покрај молба потребно е доставување на формуларите за вработување - М1/М2 или лекарско уверение.

Студентите имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е два пати подолго од пропишаното траење на студиите. Со Одлука на Факултетот се утврдуваат дополнителни услови и рок за кој студентот може да ги заврши студиите.

Студентите запишани на првиот циклус студии, а кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група имаат право да студираат без плаќање партиципација и кофинансирање на студиите.

Студентите запишани на првиот циклус студии кои се мајки со деца до шестгодишна возраст како и хоспитализираните лица имаат право на дополнителни испитни рокови за завршно оценување.

## *Мирување на статусот студент*

На Факултетот, студентите можат да побараат мирување на нивните студентски обврски по нивно барање:

- за време на бременост;
- за студент со дете до една година старост;
- за време на болест подолго од еден семестар;
- по образложено и оправдано барање на студентот;
- во случаите за мирување на работен однос, утврдени со закон;
- во други случаи што се утврдени со закон и со акт на единицата.

За мирување на студентските обврски, Одлука донесува Деканот на Факултетот.

## *Права и обврски на студентите*

**Студентот има право на:**

- Квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено во студиските програми;
- Слободно искажување на мислењата и ставовите во текот на наставата;
- Право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците;
- Редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент;
- Редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови кои важеле при уписот;
- Заштита на своите права и должности пред органите на високообразовната установа и заштита на личноста и достоинството на студентот од злоупотреба.

**Студентот има право да:**

- напредува и да ги заврши студиите за пократко време предвидено со студиската програма;
- студира истовремено на повеќе студиски програми од различни специјалности и да изучува дополнителни курсеви;
- ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и останатата научна и стручна инфраструктура на Универзитетот и Факултетот;
- учествува во научноистражувачката и стручната дејност, при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;
- избира и да биде избиран како претставник на студентите во органите на Факултетот;
- користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здраствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз според условите утврдени со закон од вршителите на соодветните дејности;
- мобилност од една на друга високообразовна установа, односно од едни на други студии, согласно ЕКТС-системот;
- ги користи универзитетските објекти за спортска и културна дејност;
- учествува во формите на организирање на студентските организации што се утврдени со Статутот на Универзитетот;
- користи распуст не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година;
- остварува соработка со студентите во земјава и во странство;
- користи и други права согласно закон и акти на Универзитетот и Факултетот.

**Студентот има обврска да:**

- ги исполнува задачите што се пропишани во студиските програми;
- ги почитува одредбите од законот за високото образование, статутот на Универзитетот и правилата за студирање на Факултетот;
- ги применува решенијата на органот на управување, ректорот, односно директорот на самостојната високообразовна установа;
- да дејствува во согласност со Студентскиот етички кодекс, кој го подготвува и одобрува високообразовната установа во согласност со студентското претставување.

## *Почеток и завршување на студиската година*

Студиската година и почетокот на наставата започнува на 15 септември.

Наставата во зимскиот семестар започнува на 15 септември, а завршува на 31 декември.

Наставата во летниот семестар започнува на 1 февруари, а завршува на 15 мај.

## *Организација и обем на студиите*

Траењето на студиите на сите академски студиски програми на прв циклус универзитетски студии е 8 семестри, со едносеместрални задолжителни и изборни предметни програми. Во првите три семестри, генерално се обработуваат заеднички предметни програми, односно се изучуваат општи и базични предмети кои се основа за натамошната надградба во земјоделската струка. Од четвртиот семетар па до крајот на студиите, предметните програми се насочени според потребите на студиска програма. Вака конципирани, студиските програми во целост го задоволуваат критериумот за постоење задолжителни и изборни предметни програми, согласно Законот за високото образование.

Факултетот ги информира студентите за наставниот процес (распоред на часови, распоред на завршните испити, начин на оценувањето, основната литература итн.) и содржината на студиските програми на повеќе начини: преку издавање брошури (Информатор за студирање на Факултетот, Наставни програми итн.), на огласните табли на Факултетот или преку својата интернет страница итн..

Исто така, студентите може да добијат дополнителни информации кај референтите и раководителот на Службата за студентски прашања, координаторите на студиските програми на Факултетот, како и кај наставниците кои се одговорни за своите предметни програми.

Наставата се организира и изведува врз основа на утврден распоред на часови. Факултетот е должен најдоцна 10 дена пред почетокот на наставата да го објави распоредот на часови на огласната табла и веб-страницата на Факултетот.

## *Оптоварување на студентите во тек на една академска година*

Вкупното работно оптоварување на студентите во текот на една учебна година може да изнесува 1500 до 1800 часа, односно опфаќа збир на оптовареност на студентот со предавања, вежби, семинари, практична настава, теренска работа, консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењето и испити, индивидуална студиска работа (семинарски задачи, проектна работа и др.), самостојно учење, како и изработка на дипломска работа, изразено во часови.

Студентот запишува семестри, односно предмети во секој семестар според ЕКТС.

На секој предмет од наставниот план му е доделен единствен код, со кој се дефинирани предметната содржина и методот на изучување на предметот. Секој предмет носи одреден број кредити, утврден врз основа на посетата на предавањата, остварените вежби, изработените проектни и домашни задачи, колоквиумите, самостојната работа, учењето во библиотека итн..

Кредитите се доделуваат само на оној студент кој ќе ги исполни условите за полагање, успешно ќе ја заврши предметната програма и ќе го положи предметот. Бројот на кредитите што студентот треба да ги оствари се движи од 30 кредити за еден семестар, односно 60 кредити за една учебна година. Еден кредит соодествува на 25-30 часа вкупна работа на студентот во еден семестар.

Вкупното оптоварување на студентот во текот на еден семестар може да изнесува најмногу 35 кредити. Успешните студенти, (оние со просечен успех во студирањето од најмалку 8.5) може во текот на еден семестар да запишат до 40 кредити. За успешно завршување на студиите, студентот е должен во текот на студирањето да акумулира најмалку 240 кредити за прв циклус студии, односно најмалку 60 или 120 кредити за едногодишни, односно двогодишни студии на втор циклус.

## *Напредување на студентите*

Студентот може да напредува во текот на студирањето преку висината на акумулираните кредити, односно преку полагање испити за предметни програми во рамките на секој семестар и согласно обврските со студиската програма.

За да може да пристапи на испит според одделна предметна програма, студентот мора да добие потпис од наставникот, со што ги потврдува остварените обврски за предвидената предметна програма во рамки на студиската програма.

Студентот може да запише нареден семестар и нови предметни програми од наредниот семестар, доколку во предвидениот рок на запишување уредно ги завршил обврските и ги положил предметите што се предвидени со студиската програма. Студентот запишува предметни програми во текот на семестарот по следниов редослед:

- најпрвин ги запишува неположените задолжителни и избрани изборни предмети од соодветниот (летен/зимски) семестар,
- потоа ги запишува задолжителните предмети од тековниот семестар,
- на крајот, ги запишува изборните предмети од тековниот семестар.

При запишувањето на семестарот, студентот не може да го надмине максималниот број кредити од 35, односно 40 кредити за успешните студенти.

Студентот може да запише предмети во зимскиот или летниот семестар само од предметите што се изучуваат во тој семестар.

Студентот има обврска да ги положи запишаните предмети во зимскиот семестар најдоцна заклучно со августовско-септемвриската испитна сесија, а запишаните предмети во летниот семестар - најдоцна заклучно со јануарската испитна сесија. Доколку студентот не ги положи запишаните предмети во овие рокови, тој е должен повторно да ги запише предметите во соодветниот семестар.

При повторно запишување на неположениот изборен предмет, студентот може да го замени предметот со друг изборен предмет што се предава во соодветниот семестар од истата студиска година.

## *Преминување од една на друга студиска програма и мобилност*

Студентот може во текот на студирањето да премине од една на друга студиска програма, при што може да ги пренесе освоените кредити што ги акумулирал во текот на студирањето, но само за предметните програми што ги има во новата студиска програма. Притоа, студентот е должен најпрвин да ги запише неположените предметни програми што се јавуваат како разлика меѓу претходната и новата студиска програма.

На Факултетот може да преминат и студенти кои студирањето го започнале на факултети во рамките на Универзитетот или на други домашни и странски сродни факултети. На овие студенти им се признаваат положените испити (заедно со остварените кредити) за предметите што се застапени на Факултетот. За таа цел, Комисијата за настава дава одобрение за признавање и ослободување од испити врз основа на увид во содржината на предметните програми.

Студент-гостин може да биде редовен или вонреден студент од земјава или странство кој запишува делови од студиска програма од Факултетот (семетар, модул) во траење најдолго од една академска година. Сите негови права и обврски се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит-систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга високообразовна установа.

## *Проверка на знаењата и оценување*

Проверката на знаењата на студентите се врши преку континуирано и завршно оценување.

Преку континуираното оценување, студентот стекнува бодови за секоја активност, пропишана во соодветната предметна програма во текот на семестарот и тоа:

- посета на предавања;
- извршени консултации;
- успешно реализирани вежби;
- успешно реализирана практична работа;
- изработка на семинарска работа;
- теренска работа;
- самостојна/домашна работа;
- учење во библиотека;

- менторство на други студенти;
- изработени или реализирани проекти;
- освоени награди/пофалници и др.

Завршната оценка се формира од вкупно освоените бодови според сите основи на оценување. Студентот може да освои најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех. Нумеричкиот систем на оценување се споредува со системот на оценување на ЕКТС. Завршното оценување се изведува за време на завршниот испит во редовната испитна сесија. Студентот кој нема да оствари право на оценка преку континуирано оценување, има право да го полага предметот преку завршен испит во редовните испитни сесии.

## *Завршен испит*

Завршниот испит за соодветната предметна програма може да биде по писмен или устен пат, а истиот задолжително се пишува во индексот и во пријавата за завршно оценување.

Студентот завршниот испит може да го полага во редовни сесии, утврдени со календарот на Универзитетот, и тоа:

- прва испитна сесија (од 8 јануари до 1 февруари);
- втора испитна сесија (од 15 мај до 15 јуни) и
- трета испитна сесија (од 15 август до 15 септември).

Студентите можат да пријават испит со доставување пријава по писмен и електронски пат, во роковите за пријавување кои ги донесува Факултетот.

Испитните рокови траат најмалку 3 недели, а за секој предмет се објавуваат по два термина, при што разликата помеѓу двата термина неможе да биде помала од 10 дена.

Факултетот е должен пред почетокот на учебната година да го објави распоредот на термини за завршен испит на огласната табла и веб-страницата на Факултетот.

Испитите се изведуваат јавно и транспарентно во присуство на други лица (студент, асистент, друг наставник).

Оценките кои студентите ги добиле при проверката на нивните знаења се објавуваат на огласна табла и/или на веб-страницата на Факултетот во рок од 7 дена од денот на полагањето на испитот.

Усниот испит наставниците го објавуваат веднаш по завршување на испитот.

Студентите можат да побараат увид во прегледаниот труд и добиената оценка, најдоцна до почетокот на наредниот семестар.

Студентот ќе добие оценка 5 (пет) доколку неоправдано ја напуши просторијата каде што се изведува испитот, ако самостојно се откаже од испитот, поради недолично однесување на испитот и попречување на другите студенти или доколку користи недозволени средства.

Исто така, доколку студентот пријавил, но не се појавил на испитот, се смета дека го искористил правото на полагање и во пријавата му се запишува **не положил**.

## *Поднесување приговор од проверка на знаењето*

Студентот има право да поднесе приговор до деканот во случај испитот да не е спроведен во согласност со прописите. Приговорот се поднесува во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите.

Доколку приговорот се усвои, а наставникот не ја преиспита оценката, тогаш студентот има право да го преполага испитот пред трочлена комисија од иста или сродна

област, формирана од страна на Деканот, каде предметниот професор не е член на испитната комисија.

Повторениот испит се спроведува во рок од 24 часа од прифаќањето на приговорот, наредниот работен ден. Студентот мора да ја прифати новодобиената оценка, дури и кога таа е негативна или помала од претходната.

## *Преполагање на испитот*

По барање на студентот, може да му се овозможи повторување на завршното оценување за повисока оценка, во период од најмногу четири месеци од полагањето.

Барањето за преполагање се доставува до деканот, а решението за преполагање е составен дел на досието на студентот.

Наставникот е должен во пријава кај старата оценка да напише дека истата е поништена. Добиената оценка на повторното полагање е конечна, без право на повторување.

## *Комисиски испит*

Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу четири пати, од кои четвртиот пат, по барање на студентот, испитот се изведува пред Комисија, составена од три члена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Составот на комисијата ја формира деканот на Факултетот, при што наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата.

Студентот кој и по четврти пат не успеал да го положи испитот е должен во наредната академска година повторно да го запише тој предмет.

## *Пренесување на надлежноста за спроведување испит*

Деканот на Факултетот може да донесе решение за изземање на наставникот при полагањето на предметна програма доколку наставникот е во роднинска врска со студентот (син, ќерка, брат, сестра, сопруга или сопруг), при што испитот се доверува на друг соодветен наставник или компетентна Комисија.

Во случај на подолга спреченост на предметен наставник, дДеканот може да му ги пренесе надлежностите за одржување на испитите на друг соодветен наставник или компетентна комисија.

## *Завршување на студиите*

Дипломирањето на студентите, според Студиската програма на Факултетот, завршува со пријава, изработка и јавна одбрана на дипломскиот труд.

Право за пријава на дипломски труд студентот стекнува доколку има освоено 200 ЕКТС-кредити, а право на одбрана стекнува откако ќе ги положи сите предвидени предмети и ги исполни условите и обврските, според Студиската програма.

## *Дипломски труд*

Темата на дипломскиот труд се пријавува од наставно-научната област што се изучува на Факултетот под менторство на наставник кој ја предава предметната програма што ја покрива наставно-научната област од која е земен дипломскиот труд.

Студентот избира тема кај ментор кој е наставник на Факултетот и кај кого студентот слушал и полагал најмалку еден предмет, или наставник кој го презел предметот по друга основа (избор во наставно звање, доделување предмети и друго).

Пишаниот дипломски труд претставува самостојна работа со која се покажува дека студентот методолошки правилно ја обработил проблематиката и самостојно користи литература.

Студентот има обврска да го поднесе изработениот дипломски труд, најдоцна во рок од 12 месеци, од денот на пријавувањето.

На образложено барање од студентот, потпишано од менторот, деканот/продеканот за настава може да го продолжи овој рок, но не подолго од 6 (шест) месеци.

## *Одбрана на дипломски труд*

Студентот го предава трудот во 6 (шест) печатени примероци од кои по еден за членовите на Комисијата, еден примерок за студентот, еден во досието и еден за Деканатот.

Јавната одбрана на дипломскиот труд се состои од јавна презентација на трудот, од страна на кандидатот и одговарање на поставените прашања од страна на менторот и двајцата члена на Комисијата, а во врска со проблематиката што е предмет на трудот.

Комисијата по одбраната на дипломскиот труд, дава оценка од 5 до 10 и ЕКТС-оценка.

Студентот кој добил негативна оценка за изработениот дипломски труд или не го доставил во предвидениот рок, има право да ја повтори постапката за пријавување на дипломскиот труд, со нова тема, образложено барање од студентот и со нов ментор.

## *Дипломирање на студентот*

Студентот дипломирал на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, доколку ги освоил потребните кредити по соодветната студиска програма и успешно го одбранил дипломскиот труд.

Датумот на одбраната на дипломскиот труд е и датум на дипломирање.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и дипломскиот труд.

## *Награди*

За посебно покажани резултати во студирањето, студентот може да добива соодветни награди и признанија. Критериумите и процедурата за наградување на студентите ги изработува Факултетот.

## ***Дисциплинска одговорност на студентите***

Во текот на студиите, студентите мора да се придржуваат до законите, Статутот на Универзитетот и правилата на Факултетот и другите акти и правилници на Универзитетот и Факултетот.

Ако студентот го наруши редот и мирот, тогаш тој одговара пред дисципинската комисија составена од три члена избрани од ННС на Факултетот. Претседателот на комисијата е од редот на наставниците, еден член е од редот на соработниците, а еден член е претставник на студентите. Комисијата има свои заменици.

## ***Видови дисциплински постапки***

Како лесни дисциплински повреди се вбројуваат:

- нарушување на јавниот ред и мир за време на наставата;
- непристојно однесување спрема вработените и студентите;
- пријавување присуство на настава на друг отсутен студент;
- оштетување на имотот на Факултетот (за штета до 100 евра).

Како тешки дисциплински повреди се вбројуваат:

- препишување со помош на електронски уреди (телефон и сл.);
- давање помош на друг студент за време на испитот или препишување со книги и ливчиња;
- плагијаторство со поднесување туѓ труд (семинарска, дипломска работа итн.);
- физички напад врз наставник, соработник или студент;
- вербална навреда врз соработник или наставник;
- упад во информатичкиот систем на Факултетот;
- давање неточни податоци на органите на Факултетот;
- оштетување на имотот на Факултетот (штета над 100 евра);
- повторени лесни дисциплински повреди.

## ***Видови дисциплински мерки***

За направените дисциплински повреди, на студентот може да му будат изречени следниве казни**:**

- опомена;
- јавна опомена;
- исклучување од Факултетот во годината во која е изречена казната;
- забрана за полагање испити до три сесии или повторно запишување на предметот (доколку повредата е направена во врска со наставата).

## ***Поведување и тек на дисциплинска постапка***

Барањето за поведување на дисциплинска постапка се поднесува во писмена форма и истото мора да содржи:

1. Име и презиме на лицето што ја пријавува дисциплинската повреда;
2. Податоци за сторителот на повредата;
3. Опис на настанот;
4. Докази за утврдување одговорност.

Врз основа на писменото барање за поведување на постапката, Комисијата донесува решение за поведување дисциплинска постапка до подносителот на барањето и лицето против кое се поведува дисциплинската постапка.

Пред да му биде изречена казната, студентот ќе биде повикан на сослушување, на кое доколку истиот не присуствува, комисијата може да донесе соодветна одлука врз основа на достапниот доказен материјал. Студентот може да поднесе и писмена изјава до дисциплинската комисија, при што Комисијата може да побара негово присуство за сослушување.

Дисциплинската комисија може да донесе одлука за отфрлање на барањето поради застареност, да го одбие барањето поради недоволно докази или да изрече дисциплинска мерка.

Донесеното решение за изрекување дисциплинска мерка се доставува до подносителот на барањето, студентот, архивата и студентски прашања за впишување во досието.

Студентот има право на жалба против решението за изрекување на дисциплинската мерка до Наставно-научниот совет на Факултетот, како второстепен дисциплински орган, во рок од 8 дена од денот на прием на решението.

Покренувањето и водењето на дисциплинската постапка застаруваат во рок од 6 месеци од сторувањето, односно 3 месеци од дознавањето за сторената дисциплинска повреда.

# 4. КООРДИНАЦИЈА И АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА

На Факултетот се определуваат координатори на прв циклус студии на секоја студиска програма. Истовремено координаторите на прв циклус студии учествуваат во координација и примената на ЕКТС-системот на Факултетот. Координаторите помагаат во правилното организирање на наставата на студентите на прв циклус студии, информирање на студентите за начинот и правилата на студирање, начин на избор на изборни предмети, помош во примената и правилното информирање за примената на ЕКТС-системот и др..

Студентот има право да му се обрати на координаторот за сите прашања во врска со правилата за студирање на Факултетот, како што се:

- видот на студии кои постојат на Факултетот;
- видот на студиски програми за нови профили стручен кадар;
- објавување на студиските и предметните програми;
- условите и начинот на запишување на прв циклус студии;
- траењето, почетокот, завршувањето и обемот на студиите;
- видови на студии за надградба и продлабочување на знаењата;
- можностите за континуирано образование;
- правилата на студирањето;
- условите за мирување на статусот студент;
- преминот од едни на други студии;
- преминот на други факултети според принципите на ЕКТС;
- можностите за остварување и продолжување на студиите во други институции со кои Факултетот има склучено меморандум за соработка;
- правата и обврските на студентот;
- начините за оценување;
- бројот и времето на организирањето на испитните сесии;
- условите за стекнување сертификати и дипломи;
- можностите за надградба на успешни студенти;
- дисциплинските мерки и сл..

## *Координатори на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје*

| Студиска програма | Координатор |
|---|---|
| **1. Поледелство** | проф. д-р Златко Арсов |
| **2. Анимална биотехнологија** | проф. д-р Зоран Поповски |
| **3. Градинарство и цвеќарство** | проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски |
| **4. Лозарство и винарство** | проф. д-р Михаил Петков |
| **5. Овоштарство со лозарство** | проф. д-р Марјан Кипријановски |
| **6. Преработка на земјоделски производи, модул растителни преработки** | проф. д-р Дане Бошев |
| **7. Заштита на растенијата - Фитомедицина** | проф. д-р Станислава Лазаревска |
| **8. Квалитет и безбедност на храна** | доц. д-р Силвана Манасиевска-Симиќ |
| **9. Агроекономика** | проф. д-р Миле Пешевски |
| **10. Екоземјоделство** | проф. д-р Татјана Миткова |
| **11. Производство и преработка на тутун** | проф. д-р Златко Арсов |
| **12. Преработка на земјоделски производи, модул анимални преработки** | проф. д-р Соња Србиновска |

# 5. СТУДЕНТИ

## *Студентски правобранител*

Во рамки на Универзитетот е формиран студентски правобранител заради заштита на правата на студентите.

Надлежноста, изборот и работата на студентскиот правобранител се утврдуваат со акт на Сенатот.

Студентскиот правобранител ги штити правата на студентите врз основа на Статутот на Универзитетот и Правилникот за студентски правобранител и постапува по барање на студентот, доколку е повредено некое право од лицата вклучени во наставно-образовниот процес, од страна на Факултетот или универзитетската администрација.
http://spukm.org.mk/mk/studentski_pravobranitel
E-mail: st_pravobranitel@ukim.edu.mk

## *Комисија за студентски жалби*

Универзитетот формира и универзитетска комисија за студенски жалби. Комисијата за студентски жалби одлучува за правата на студентите кога им се повредени со акт на органите на единиците и органите на Универзитетот, ако нивната заштита не е обезбедена пред други органи согласно законот, овој Статут и другите акти на Универзитетот и на единиците.

## *Учество на студентите во управувањето*

Студентите учествуваат во управувањето со Факултетот преку своите претставници во органите на Факултетот, преку формите на самоорганизирање или на друг начин, според условите утврдени со закон, Статут на Универзитетот и Правилници на Факултетот.

Студентите, во рамките на своето право на управување:

- донесуваат и остваруваат програма на различните форми и видови интересни дејности организирани на Факултетот;
- ги разгледуваат, и на надлежните органи на Факултетот им даваат мислење за актите и прашањата кои се однесуваат на правата и должностите на студентите;
- избираат свои претставници во органите на Факултетот;
- учествуваат во избор на декан и продекани на Факултетот;
- расправаат и одлучуваат и за други прашања од интерес за студентите.

## *Студентски парламент*

Формите на организирање на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна започнале уште со самото формирање на Факултетот.

Денес, студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна се организирани во Студентски парламент (СПФЗНХ). СПФЗНХ е организација во која членуваат претставници на студентите, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Членовите на студентскиот парламент (претседател, попретседател итн.) на Факултетот се избираат на непосредни, фер и демократски избори од страна на студентите на Факултетот со мандат од 2 години, со право на уште еден последователен избор.

Работата на Студентскиот парламент на Факултетот се утврдува со статут на Студентскиот парламент на Универзитетот.

Претставници од студентскиот парламент на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје, членуваат во Студентскиот парламент на УКИМ.

СПФЗНХ работи во различни сектори и тоа: образование, наука, студентски стандард, култура, спорт и информации.

Секоја година, СПФЗНХ учествува на Универзитетски игри организирани од страна на УКИМ, како и Агрономијада организирана на ниво на студентски организации на факултетите од оваа област од поранешна Југославија. На сите овие редовни учества, СПФЗНХ постигнува значајни резултати во поединечни или групни спортови (фудбал, кошарка, пинг-понг, одбојка и шах).

Од 1997 г., во рамките на Факултетот, постои планинарско друштво „Агроном“ во кое членуваат студенти и вработени од целиот Универзитет. Целта на ова друштво е одржување на физичката кондиција и развивање на љубовта кон природата.

На Факултетот работи и студентското истражувачко друштво „Еурека“ кое ги проширува своите знаења надвор од студентските клупи преку организирање истражувачки проекти и разни други форми на едукација.

Од областа на науката и образованието, Факултетот за земјоделски науки и храна, веќе неколку години по ред, на денот на патрониот празник на ФЗНХ, организира студентски смотри на трудови, каде што студентите презентираат научни и стручни трудови од областа на земјоделството, храната и заштитата на животната средина.

На Факултетот активно работи и меѓународно здружение на студенти по земјоделски и сродни науки IAAS, а тесна соработка студентите остваруваат и со IAESTE и BEST. Преку сите овие меѓународни здруженија, студентите остваруваат мобилност и учествуваат на практична настава, семинари и курсеви во странство.

**СПФЗНХ**

Студентски парламент на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје
бул. „Александар Македонски“ бб
ПФ. 297,1000 Скопје
Република Македонија
Телефон : (02) 3115-277 локал 115, e-mail: ssfznh@zf.ukim.edu.mk

# 6. ОПШТИ ПРАКТИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

## *Сместување*

Студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје можат да се сместуваат во Државниот студентски центар "Скопје" кој располага со следниве студентски домови:

- Студентски дом „Гоце Делчев"- Скопје
  тел: (02) 30 63 306
  (Студентскиот центар работи и во летниот период со рецепција)

- Студентски дом „К.Ј.Питу" - Скопје
  тел: (02) 32 28 844
  тел: (02) 32 28 138

- Студентски дом „Стив Наумов" - Скопје
  тел: (02) 31 16 175
  тел: (02) 32 20 575

- Студентски дом „Невена Георгиева Дуња" (Медицинар)
  тел: 02 32 38 910

Исто така студентите може да аплицираат за сместување и во Државниот студентски дом "Пелагонија" и Државниот студентски дом "Томе Стефановски – Сениќ"

Начинот и условите за аплицирање, потребните документи, роковите и местата за поднесување на документите се објавуваат по пат на конкурс кој се објавува во дневниот печат.

Во наредниот дел се презентирани студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна.

# 7. СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ ВО СКОПЈЕ

1. Поледелство;
2. Градинарство и цвеќарство;
3. Анимална биотехнологија;
4. Преработка на земјоделски производи;
   4.1. Модул анимални преработки;
   4.2. Модул растителни преработки;
5. Заштита на растенијата - фитомедицина;
6. Екоземјоделство;
7. Агроекономика;
8. Овоштарство со лозарство;
9. Лозарство и винарство;
10. Квалитет и безбедност на храна;
11. Производство и преработка на тутун (дисперзирани студии во Прилеп).

**НАПОМЕНА: ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ СЕ ОЗНАЧЕНИ СО ЗДЕБЕЛЕНИ БУКВИ (BOLD).**

# СТУДИСКИ ПРОГРАМИ ЗА

# УЧЕБНА 2010/2011 година

# 2011/2012 година

## СТУДИСКА ПРОГРАМА

# ПОЛЕДЕЛСТВО

# *СТУДИСКА ПРОГРАМА – ПОЛЕДЕЛСТВО*

**ПРВ СЕМЕСТАР** / **ВТОР СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | Шифра | Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | Шифра |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Хемија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ100 | **1.** | **Екологија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ202 |
| **2.** | **Математика** | 3+2 | 6 | ФЗНХ105 | **2.** | **Основи на економија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ205 |
| **3.** | **Механизација** | 3+2 | 6 | ФЗНХ101 | **3.** | **Ботаника** | 3+2 | 8 | ФЗНХ201 |
| **4.** | **Агроклиматологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ102 | 1. | Биохемија | 3+2 | 6 | ФЗНХ207 |
| 1. | Развој на хумани ресурси | 3+2 | 6 | ФЗНХ103 | 2. | Зоологија | 3+2 | 6 | ФЗНХ209 |
| 2. | Основи на сточарско производство | 3+2 | 6 | ФЗНХ104 | | | | | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | | | Вкупно | 12+8 | 30 | |

**ТРЕТ СЕМЕСТАР** / **ЧЕТВРТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | | Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Генетика** | 3+2 | 6 | ФЗНХ310 | **1.** | **Општо поледелство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ421 |
| **2.** | **Микробиологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ303 | **2.** | **Систематика на почви** | 3+2 | 6 | ФЗНХ431 |
| **3.** | **Педологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ307 | **3.** | **Мелиорации со заштита од ерозија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ412 |
| **4.** | **Исхрана на растенијата** | 3+2 | 6 | ФЗНХ302 | 1. | Почвена микробиологија | 3+2 | 6 | ФЗНХ426 |
| 1. | Економика на земјоделството | 3+2 | 6 | ФЗНХ301 | 2. | Современи генетски методи | 3+2 | 6 | ФЗНХ432 |
| 2. | Статистика | 3+2 | 6 | ФЗНХ311 | 3. | Овоштарство | 3+2 | 6 | ФЗНХ417 |
| | | | | | 4. | Изборен модул (предмет 1) | 3+2 | 6 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | | | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ПЕТТИ СЕМЕСТАР** / **ШЕСТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | | Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наводнување** | 3+2 | 6 | ФЗНХ520 | **1.** | **Зрнести и клубенести култури** | 3+2 | 6 | ФЗНХ608 |
| **2.** | **Механизација во поледелство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ519 | **2.** | **Производство на тутун** | 3+2 | 6 | ФЗНХ625 |
| **3.** | **Индустриски култури** | 3+2 | 6 | ФЗНХ555 | **3.** | **Тревници** | 3+2 | 6 | ФЗНХ651 |
| **4.** | **Ентомологија со фитофармација** | 3+2 | 6 | ФЗНХ510 | **4.** | **Фуражни култури** | 3+2 | 6 | ФЗНХ653 |
| 1. | Конзервација на растителна разновидност | 3+2 | 6 | ФЗНХ515 | 1. | Пчеларство | 3+2 | 6 | ФЗНХ628 |
| 2. | Екополеделство | 3+2 | 6 | ФЗНХ552 | 2. | Лозарство | 3+2 | 6 | ФЗНХ610 |
| 3. | Изборен модул (предмет 2) | 3+2 | 6 | | 3. | Изборен модул (предмет 3) | 3+2 | 6 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | | | Вкупно | 15+10 | 30 | |

| СЕДМИ СЕМЕСТАР | | | | | ОСМИ СЕМЕСТАР | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | | Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
| **1.** | **Селекција на растенијата** | 3+2 | 6 | ФЗНХ759 | **1.** | **Трошоци и калкулации** | 3+2 | 5 | ФЗНХ851 |
| **2.** | **Фитопатологија со фитофармација** | 3+2 | 6 | ФЗНХ757 | **2.** | **Преработка на поледелски производи** | 3+2 | 5 | ФЗНХ819 |
| **3.** | **Познавање и обработка на тутунската суровина** | 3+2 | 6 | ФЗНХ719 | **3.** | **Складување и чување на поледелски производи** | 3+2 | 5 | ФЗНХ825 |
| **4.** | **Менаџмент на поледелското производство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ714 | **4.** | **Дипломска работа** | 0+5 | 5 | ФЗНХ001 |
| 1. | Основи на агромаркетинг | 3+2 | 6 | ФЗНХ752 | 1. | Градинарство | 3+2 | 5 | ФЗНХ838 |
| 2. | Планирање и уредување на паркови | 3+2 | 6 | ФЗНХ753 | 2. | Семепроизводство | 3+2 | 5 | ФЗНХ823 |
| 3. | Изборен модул (предмет 4) | 3+2 | 6 | | 3. | Фабрикација на тутун | 3+2 | 5 | ФЗНХ833 |
| | | | | | | Изборен модул (предмет 5) | 3+2 | 5 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | | | Вкупно | 15+10 | 30 | |

## МОДУЛ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА – ПОЛЕДЕЛСТВО

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Зрнести и клубенести култури** | 3+2 | 6 | ФЗНХ608 |
| 2. | **Фуражни култури** | 3+2 | 6 | ФЗНХ653 |
| 3. | **Тревници** | 3+2 | 6 | ФЗНХ651 |
| 4. | **Индустриски култури** | 3+2 | 6 | ФЗНХ555 |
| 5. | **Производство на тутун** | 3+2 | 6 | ФЗНХ625 |

# СТУДИСКА ПРОГРАМА

# ГРАДИНАРСТВО И ЦВЕЌАРСТВО

# *СТУДИСКА ПРОГРАМА – ГРАДИНАРСТВО И ЦВЕЌАРСТВО*

**ПРВ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Агроклиматологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ102 |
| **2.** | **Механизација** | 3+2 | 6 | ФЗНХ101 |
| **3.** | **Основи на сточарско производство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ104 |
| **4.** | **Развој на хумани ресурси** | 3+2 | 6 | ФЗНХ103 |
| 1. | Хемија | 3+2 | 6 | ФЗНХ100 |
| 2. | Математика | 3+2 | 6 | ФЗНХ105 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ВТОР СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Екологија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ202 |
| **2.** | **Ботаника** | 3+2 | 8 | ФЗНХ201 |
| **3.** | **Биохемија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ200 |
| 1. | Основи на економија | 3+2 | 6 | ФЗНХ210 |
| 2. | Зоологија | 3+2 | 6 | ФЗНХ209 |
| | | | | |
| | Вкупно | 12+8 | 30 | |

**ТРЕТ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Генетика** | 3+2 | 6 | ФЗНХ310 |
| **2.** | **Микробиологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ303 |
| **3.** | **Педологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ307 |
| **4.** | **Економика на земјоделството** | 3+2 | 6 | ФЗНХ301 |
| 1. | Статистика | 3+2 | 6 | ФЗНХ311 |
| 2. | Основи на растително производство | 3+2 | 6 | ФЗНХ306 |
| | | | | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ЧЕТВРТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Исхрана на растенија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ445 |
| **2.** | **Наводнување на градинарски и цвеќарски култури** | 3+2 | 6 | ФЗНХ416 |
| **3.** | **Општо поледелство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ421 |
| 1. | Механизација и опрема во градинарството и цвеќарството | 3+2 | 6 | ФЗНХ414 |
| 2. | Мелиорации со заштита од ерозија | 3+2 | 6 | ФЗНХ412 |
| 3. | Систематика на почви | 3+2 | 6 | ФЗНХ431 |
| 4. | Интегрална заштита | 3+2 | 6 | ФЗНХ409 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ПЕТТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Градинарство на отворено** | 3+2 | 6 | ФЗНХ506 |
| **2.** | **Општо градинарство и цвеќарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ526 |
| **3.** | **Ентомологија со фитофармација** | 3+2 | 6 | ФЗНХ510 |
| 1. | Менаџмент на растително производство | 3+2 | 6 | ФЗНХ517 |
| 2. | Биолошка борба и непестицидни мерки за заштита на растенија | 3+2 | 6 | ФЗНХ503 |
| 3. | Тревници | 3+2 | 6 | ФЗНХ549 |
| 4. | Почвена микробиологија | 3+2 | 6 | ФЗНХ556 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ШЕСТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Производство на зеленчук во заштитени простори** | 3+2 | 6 | ФЗНХ624 |
| **2.** | **Цвеќарство на отворено** | 3+2 | 6 | ФЗНХ643 |
| **3.** | **Фитопатологија со фитофармација** | 3+2 | 6 | ФЗНХ652 |
| **4.** | **Планирање и уредување на паркови** | 3+2 | 6 | ФЗНХ615 |
| 1. | Овоштарство | 3+2 | 6 | ФЗНХ650 |
| 2. | Маркетинг на земјоделски производи | 3+2 | 6 | ФЗНХ612 |
| | | | | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**СЕДМИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Лековити и зачински растенија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ711 |
| **2.** | **Одгледување цвеќе во заштитен простор** | 3+2 | 6 | ФЗНХ716 |
| **3.** | **Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе** | 3+2 | 6 | ФЗНХ706 |
| 1. | Лозарство | 3+2 | 6 | ФЗНХ751 |
| 2. | Производство на безалкохолни пијалоци | 3+2 | 6 | ФЗНХ724 |
| 3. | Специјално поледелство | 3+2 | 6 | ФЗНХ755 |
| 4. | Селекција на растенијата | 3+2 | 6 | ФЗНХ759 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ОСМИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Производство на семе и саден материјал од градинарски и цвеќарски растенија** | 3+2 | 5 | ФЗНХ821 |
| **2.** | **Стандардизација на зеленчук и цвеќе** | 3+2 | 5 | ФЗНХ829 |
| **3.** | **Современи генетски методи** | 3+2 | 5 | ФЗНХ860 |
| **4.** | **Трошоци и калкулации** | 3+2 | 5 | ФЗНХ851 |
| **5.** | **Дипломска работа** | 0+5 | 5 | ФЗНХ001 |
| 1. | Декоративни растенија | 3+2 | 5 | ФЗНХ804 |
| 2. | Преработка на зеленчук | 3+2 | 5 | ФЗНХ843 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

## МОДУЛИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА - ГРАДИНАРСТВО И ЦВЕЌАРСТВО

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | | Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Општо градинарство и цвеќарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ526 | 1. | **Општо градинарство и цвеќарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ526 |
| 2. | **Градинарство на отворено** | 3+2 | 6 | ФЗНХ506 | 2. | **Цвеќарство на отворено** | 3+2 | 6 | ФЗНХ643 |
| 3. | **Градинарство во заштитен простор** | 3+2 | 6 | ФЗНХ900 | 3. | **Одгледување цвеќе во заштитен простор** | 3+2 | 6 | ФЗНХ716 |
| 4. | **Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе** | 3+2 | 6 | ФЗНХ706 | 4. | **Декоративни растенија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ804 |
| 5. | **Производство на семе и саден материјал од градинарски и цвеќарски растенија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ821 | 5. | **Тревници** | 3+2 | 6 | ФЗНХ549 |

## СТУДИСКА ПРОГРАМА

# АНИМАЛНА БИОТЕХНОЛОГИЈА

# *СТУДИСКА ПРОГРАМА – АНИМАЛНА БИОТЕХНОЛОГИЈА*

**ПРВ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | ШИФРА |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Хемија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ100 |
| **2.** | **Механизација во сточарството** | 3+2 | 6 | ФЗНХ111 |
| **3.** | **Анатомија на животни** | 3+2 | 6 | ФЗНХ106 |
| **4.** | **Генетика** | 3+2 | 6 | ФЗНХ108 |
| 1. | Агроклиматологија | 3+2 | 6 | ФЗНХ102 |
| 2. | Математика | 3+2 | 6 | ФЗНХ105 |
| 3. | Развој на хумани ресурси | 3+2 | 6 | ФЗНХ103 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ВТОР СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | ШИФРА |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Ботаника** | 3+2 | 8 | ФЗНХ201 |
| **2.** | **Биохемија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ200 |
| **3.** | **Зоологија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ203 |
| **1.** | Екологија | 3+2 | 6 | ФЗНХ208 |
| **2.** | Основи на економија | 3+2 | 6 | ФЗНХ210 |
| | Вкупно | 12+8 | 30 | |

**ТРЕТ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Основи на растително производство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ306 |
| **2.** | **Физиологија на животни** | 3+2 | 6 | ФЗНХ308 |
| **3.** | **Микробиологија во сточарството** | 3+2 | 6 | ФЗНХ304 |
| **4.** | **Молекуларна биологија на животинска клетка** | 3+2 | 6 | ФЗНХ305 |
| 1. | Економика на земјоделството | 3+2 | 6 | ФЗНХ301 |
| 2. | Статистика | 3+2 | 6 | ФЗНХ311 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ЧЕТВРТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Општо сточарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ422 |
| **2.** | **Основи на исхрана на животните** | 3+2 | 6 | ФЗНХ424 |
| **3.** | **Фуражно производство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ442 |
| 1. | Репродукција на животни | 3+2 | 6 | ФЗНХ429 |
| 2. | Методи на истражување и презентација | 3+2 | 6 | ФЗНХ413 |
| 3. | Крми и технологија на добиточна храна | 3+2 | 6 | ФЗНХ411 |
| | Изборен 1 (модул од друга студиска програма) | 3+2 | 6 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ПЕТТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Говедарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ504 |
| **2.** | **Популациска генетика** | 3+2 | 6 | ФЗНХ532 |
| **3.** | **Применета исхрана на животните** | 3+2 | 6 | ФЗНХ533 |
| **4.** | **Козарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ514 |
| 1. | Биоетика | 3+2 | 6 | ФЗНХ502 |
| 2. | ГМО | 3+2 | 6 | ФЗНХ554 |
| 3. | Изборен 2 (модул од друга студиска програма) | 3+2 | 6 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ШЕСТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Свињарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ630 |
| **2.** | **Овчарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ614 |
| **3.** | **Коњарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ609 |
| **4.** | **Живинарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ607 |
| 1. | Биолошка разновидност кај домашните животни | 3+2 | 6 | ФЗНХ602 |
| 2. | Лумбрикултура | 3+2 | 6 | ФЗНХ611 |
| 3. | Изборен 3 (модул од друга студиска програма) | 3+2 | 6 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**СЕДМИ СЕМЕСТАР** **ОСМИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | | Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Рибарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ729 | **1.** | **Менаџмент во сточарското производство** | 3+2 | 5 | ФЗНХ814 |
| **2.** | **Технологија на млеко и млечни преработки** | 3+2 | 6 | ФЗНХ756 | **2.** | **Технологија на месо и преработки од месо** | 3+2 | 5 | ФЗНХ858 |
| **3.** | **Зоохигиена** | 3+2 | 6 | ФЗНХ708 | **3.** | **Здравствена заштита на животните** | 3+2 | 5 | ФЗНХ856 |
| **4.** | **Селекција на домашни животни** | 3+2 | 6 | ФЗНХ731 | **4.** | **Пчеларство** | 3+2 | 5 | ФЗНХ845 |
| 1. | Генетско инженерство | 3+2 | 6 | ФЗНХ704 | **5.** | **Дипломска работа** | 0+5 | 5 | ФЗНХ001 |
| 2. | Аквакултура | 3+2 | 6 | ФЗНХ700 | 1. | Стандарди на анималните производи* | 3+2 | 5 | ФЗНХ848 |
| 3. | Изборен 4 (модул од друга студиска програма) | 3+2 | 6 | | 2. | Одгледувачки програми во сточарството* | 3+2 | 5 | ФЗНХ818 |
| | | | | | 3. | Домашни миленици* | 3+2 | 5 | ФЗНХ805 |
| | | | | | 4. | Изборен 5 (модул од друга студиска програма) | 3+2 | 5 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | | | Вкупно | 15+10 | 30 | |

## МОДУЛИ ОД СТУДИСКА ПРОГРАМА АНИМАЛНА БИОТЕХНОЛОГИЈА

Модул 1

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Општо сточарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ422 |
| 2. | **Применета исхрана на животните** | 3+2 | 6 | ФЗНХ533 |
| 3. | **Специјално сточарство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ112 |
| 4. | **Селекција на домашни животни** | 3+2 | 6 | ФЗНХ731 |
| 5. | **Здравствена заштита на животните** | 3+2 | 6 | ФЗНХ707 |

# СТУДИСКА ПРОГРАМА

# ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

**МОДУЛ АНИМАЛНИ ПРЕРАБОТКИ**
**МОДУЛ РАСТИТЕЛНИ ПРЕРАБОТКИ**

# *СТУДИСКА ПРОГРАМА - ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ МОДУЛ АНИМАЛНИ ПРЕРАБОТКИ*

**ПРВ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Хемија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ100 |
| **2.** | **Процесна техника** | 3+2 | 6 | ФЗНХ107 |
| **3.** | **Анатомија на животни** | 3+2 | 6 | ФЗНХ106 |
| **4.** | **Генетика** | 3+2 | 6 | ФЗНХ108 |
| 1. | Агроклиматологија | 3+2 | 6 | ФЗНХ102 |
| 2. | Математика | 3+2 | 6 | ФЗНХ105 |
| 3. | Развој на хумани ресурси | 3+2 | 6 | ФЗНХ103 |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ВТОР СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Екологија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ202 |
| **2.** | **Биохемија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ200 |
| **3.** | **Зоологија** | 3+2 | 8 | ФЗНХ203 |
| 1. | Ботаника | 3+2 | 6 | ФЗНХ206 |
| 2. | Основи на економија | 3+2 | 6 | ФЗНХ210 |
| | | | | |
| | | | | |
| | Вкупно | 12+8 | 30 | |

**ТРЕТ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Микробиологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ303 |
| **2.** | **Физиологија на животни** | 3+2 | 6 | ФЗНХ308 |
| **3.** | **Економика на земјоделството** | 3+2 | 6 | ФЗНХ301 |
| **4.** | **Молекуларна биологија на животинска клетка** | 3+2 | 6 | ФЗНХ305 |
| 1. | Основи на расти-телно производство | 3+2 | 6 | ФЗНХ306 |
| 2. | Статистика | 3+2 | 6 | ФЗНХ311 |
| | | | | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ЧЕТВРТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Технологија на добиточна храна** | 3+2 | 6 | ФЗНХ436 |
| **2.** | **Аналитичка хемија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ402 |
| **3.** | **Технолошка микробиологија** | 3+2 | 6 | ФЗНХ437 |
| **4.** | **Биохемија на храна** | 3+2 | 6 | ФЗНХ404 |
| 1. | Методи на истражу-вање и презентација | 3+2 | 6 | ФЗНХ413 |
| 2. | Општо сточарство | 3+2 | 6 | ФЗНХ422 |
| 3. | Изборен 1 (модул од друга студиска програма) | 3+2 | 6 | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ПЕТТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Технологија на говедарско производство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ544 |
| **2.** | **Технологија на живинарско производство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ545 |
| **3.** | **Технологија на овчарско и козар-ско производство** | 3+2 | 6 | ФЗНХ547 |
| **4.** | **Пчелни производи** | 3+2 | 6 | ФЗНХ539 |
| 1. | Традиционални производи од анимално потекло | 3+2 | 6 | ФЗНХ548 |
| 2. | ГМО | 3+2 | 6 | ФЗНХ554 |
| 3. | Изборен 2 (модул од друга студиска програма) | 3+2 | 6 | |
| | | | | |
| | Вкупно | 15+10 | 30 | |

**ШЕСТИ СЕМЕСТАР**

| Ред. бр. | Предмет | Фонд на часови | Кредити | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Технологии на производство свињи** | 3+2 | 6 | ФЗНХ632 |
| **2.** | **Технологија на млеко** | 3+2 | 6 | ФЗНХ637 |
| **3.** | **Технологија на месо** | 3+2 | 6 | ФЗНХ635 |
| 1. | Молекуларни техники за контрола на храна | 3+2 | 6 | ФЗНХ613 |
